# ИНФОРМАТОР ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

2019

МАЈ

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **7**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 0 работни односи | 0 образование | 0 социјална сигурност |
| 1 здравство | 2 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 1 медиуми | 0 избирачки права | 1 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **14**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 1 осуда од функционери | 4 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 1 мислења на Народен Правобранител | 5 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 1 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ 0 | Активности на здрж. на граѓани 2 |

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28% род | 0% пол | 28% сексуална ориентација | 0% религија |
| 0% етничка припадност | 16% попреченост | 0% корисници на дроги | 28% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 4 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 3 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД МАЈ 2019

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019




СЛУЧАЈ:

Во месец мај, Коалиција Маргини регистрираа случај на дискриминација врз основа на родов идентитет во пристап до здравствена заштита. Имено, случајот се однесува на трансродова жена која што прима хормонска терапија (Диане 35), уредно препишана од страна на матичен лекар по претходен извештај од страна на специјалист ендокринолог.

Странката се упатила во аптека за да си ја подигне препишаната терапија, приложувајќи го кај фармацевтката издадениот рецепт од матичниот лекар. Фармацевтката која била на смена ѝ го побарала специјалистичкиот извештај, на што странката негодувала и рекла дека доволно е да се има рецепт за да се издаде лекот и објаснила дека до сега го земала лекот од истата аптека само со рецепт. Фармацевтката почнала да се однесува грубо и со повишен тон ѝ кажала да го донесе извештајот ако сака да добие лек. Откако по кратко време странката се вратила во аптеката, го приложила извештајот кај фармацевтката која почнала да го чита извештајот, странката повторно негодувала дека нема причина зошто да го приложува извештајот и дека на тој начин аптекарката непотребно чита детали од нејзината приватност поврзани со здравствената состојба. Вработената почнала да се однесува грубо, обраќајќи се на многу висок и непријателски тон, ја понижувала и навредувала и пред други лица кои влегувале во аптеката. При заканувањето и викањето, аптекарката и кажала дека во аптеката има безбедносни камери. Откако странката побарала од вработената да ѝ се претстави, бидејќи сметала дека се повредени нејзините здравствени права и понатаму би било потребно името на сторителот на повредата со цел да покрене постапка, фармацевтката станала крајно груба и на сиот глас викала во аптеката, ја избркала странката надвор и ѝ кажала дека нема да ѝ даде лек. Откако излегла од аптеката видно вознемирена, понижена и со солзи на очите, странката влегла во друга аптека, каде само со рецептите ја добила соодветната терапија.

Коалиција Маргини поднесе претставки до Фондот за здравствено осигурување, Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација и Фармацевтската комора. Во претставката е наведено дека постои основано сомнение дека причината за ваквиот третман кон странката е дискриминација поради нејзината транссексуалност. Со оглед на тоа што лекот Диане 35 вообичаено го употребуваат цисродови жени[1], фармацевтите и останатите здравствени работници сé уште не се доволно информирани и сензибилизирани за употребата на хормонска терапија кај трансродовите жени. Воедно, фармацевтката го прочитала и специјалистичкиот извештај во кој се утврдува транссексуалноста. Со тоа што не ѝ го издала лекот и арбитрарно поставила дополнителни услови за издавање на лекот (увид во специјалистички извештај), фармацевтката сторила директна дискриминација врз основа на родов идентитет.

[1] Термин кој се користи за жените чиј родов идентитет се совпаѓа со полот назначен при раѓање, наспроти трансродови жени чиј родов идентитет не се совпаѓа со полот назначен при раѓање.

СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Чалдаев против Русија[2], Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврди повреда на членот 8 (право на приватен и семеен живот) од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и членот 14 (забрана за дискриминација) во врска со членот 8.

Случајот се однесува на различни ограничувања на посети од страна на семејството на жалителот додека бил во притвор. Имено, во повеќе наврати барањата за посета од страна на семејството биле одбиени од страна на националните судови. Во ретките случаи кога посетите биле дозволени, истите се одржувале во просторија каде што немало услови за приватност и физички контакт помеѓу притвореното лице и посетителите, а разговорите се одвивале на телефон кој бил прислушуван од страна на затворската полиција.

Судот утврдил дека во поглед на правото на посета, државата не поседува неограничена дискреција да воспоставува генерални ограничувања без можност за флексибилност во утврдување дали истите се соодветни или неопходни. Ограничувањата на посетите на г. Чалдаев биле фактички воспоставени по автоматизам. Судот, исто така, забележал дека во случајот ограничувањата на посетите од страна на семејството на лицата во притвор генерално важат и тоа без оглед на причините за нивното притворање, во која фаза е кривичната постапка и кои било безбедносни причини. Судот не утврдил објективно и разумно оправдување за причините поради кои лицата на кои им е изречена мерка притвор имаат ист третман и ограничувања како лицата осудени на доживотен затвор. Обвинетите лица кои сè уште не се осудени треба да уживаат презумпција на невиност. Судот заклучил дека сите ограничувања на правото на посета на лицата во притвор за секој индивидуален случај треба да бидат оправдани врз основа на превенирање на неред, одржување на безбедноста и сигурноста или потребата да се заштитат легитимни интереси во истражна постапка.

[2] Chaldayev v. Russia (app. no. 33172/16) - https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22 itemid%22:[%22001-193652%22]}

РЕСУРСИ:


1. Еквинет „Борба против дискриминација и говор на омраза во изборните кампањи" - http://equineteurope.org/2019/05/14/combatting-discrimination-and-hate-speech-in-election-campaigns/

2. Еквинет „Повик за дејствување: Децата не треба да се разделуваат меѓусебно" - http://equineteurope.org/2019/05/02/7849/

3. Еквинет „Еднаквост во училниците: Телата за еднаквост и родова еднаквост во образованието" - http://equineteurope.org/2019/05/02/7838/

4. Еквинет „Проширување на надлежностите: Телата за еднаквост адресираат говор на омраза" - http://equineteurope.org/2019/05/02/extending-the-agenda-equality-bodies-addressing-hate-speech/

5. „Европската комисија против хомофобија, трансфобија и бифобија" - https://www.europeaninterest.eu/article/european-commission-homophobia-transphobia-biphobia/

6. Агенција за фундаментални човекови права „Дипломати за еднаквост во поддршка на Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија (ИДАХОТ)" - https://fra.europa.eu-/en/news/2019/diplomats-equality-support-idahobit

7. Зоран Заев, премиер на СРМ „Општеството треба да се ослободи од стигмата и дискриминацијата на лицата со попреченост" - https://1tv.mk/makedonija/%D0%B7%D0%B

8. Коалиција Маргини „Прва парада на гордоста во Скопје на 29 јуни" - http://coalition.org.mk/%D0%BF%D1%80%

9. Мрежа за заштита од дискриминација „Будно ќе го следиме спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација" -https://makfax-.com.mk/makedonija/%D0%BC%D0%B7%D0

10. ЛГБТИ Центар за поддршка „Борбата против хомофобијата, бифобијата и трансфобијата продолжува" - http://lgbti.mk/%D0%B1%B8%D1%98/

11. ОБСЕ „Истражување на ОБСЕ за насилство врз жени – Главен извештај" - https://www.osce.org/secretariat/413237

12. ОБСЕ „ Истражување на ОБСЕ за насилство врз жени: Северна Македонија – Извештај за резултат" - https://www.osce.org/secretariat/419264


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.


ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**